

## ОД РЕВОЛУЦИОНЕРНИТЕ КРИВЕНИ И ЗЛАТАРИ ПРЕКУ ЈАНКОВЕЦ ДО СОПОТСКО

**На патот од Охрид кон Ресен, одма на влезот во Јанковец, еден многу скришен и неугледен пат води кон револуционерните села Кривени и Златари, од кое излегле боголем број борци за слобода и напредок на Македонија**

Селото Кривени се наоѓа на околу 6 километри северно од Ресен, длабоко вовлечено во една од пазувите на планината Бигла   и од сите страна опкружена со нејзините истурени разграноци. Тоа е најблиско село до Златари со кое имаат исти климатски услови и исти или слични судбина. Исто така, Кривени е стара македонска населба во која секогаш живееле православни Македонци.

Во него во минатото имало околу 120 куќи, а денес живеат дваесетина домакинства, повеќе стари лица во стари куќи. Тоа е село со бројни археолошки локалитети кои зборуваат за историјата на македонскиот народ во Преспа. Таму има две цркви, „Св.

Ѓирѓи“, во чиј круг се и селските гробишта и „Св Илија“ во месноста Чешино.

Кривени како и Златари е патриотско и борбено село од кое излегле боголем број борци за слобода и напредок на Македонија, како македонските војводи Геро Ресенски и Стефан Лазов. Во војната за ослободување на Македонија животите ги дале: Круме Стојчевски, Кире Павловски и Кире Ѓуровски. Значајно е да се одбележи дека кривенчаните Панде Божиновски и Михаил Бочкаровски учествувале во редовите на интернационалните бригади во Граѓанската војна во Шпанија.



*Дел од Кривеми*

Селото  Кривени е познато по образовните кадри со вишо и високо образование, особено по бројот на учители. Од Кривени потекнуваат Лазо Лабачевски, поранешен функционер, Андреја Лапчев, лидер на некогашната конзевативна партија на Бугарија, Бранко Божиновски, организатор на „Кривенските средби“ и други. Од Кривени има и

голем број познати иселеници во светот, кои секоја година на 20 јануари ја прославуваат селската слава Св. Јован. Кривенчани сметаа дека славата ќе ги поврати во селото и пак ќе почнат да ги прославуваат „Кривенските средби“, една од најзначајните културни манифестации во Преспа.

И Златари е убаво и револуционерно село со значајна историја за Преспа и Македонија. Тоа е оддалечени околу седум километри од Ресен и е сместено во пазувите на Бигла. Тоа е чисто македонско село во кое има четириесетина домакинства со стотина жители. На атарот на селото има  неколку археолошки локалитети, а постојат и три цркви и тоа: „Св. Димитрија“, изградена 1852 година, старата црква „Св. Никола“ од седумнаесеттиот век, во која се селските гробишта и најновата црква „Св. Атанас“ изградена 1991 година.

Златари  по својот борбен дух е едно од најпознатите села во Преспа и пошироко. Голем број златарци биле учесници во НОБ, а меѓу нив имало и повратници – печалбари од САД и Канада. Таму е роден прочуениот партизански командант Наум Веслиевски – Овчарот. Во борбеното Златари од Илинден до НОБ ги дале своите животи повеќе жители, меѓу кои: Мите Трајковски, Цара Веслиевска, Никола Соколовски и други.

Затоа во селото има  спомен обележја за загинатите во Илинденското востание, спомен бисти на Наум Веслиевски – Овчарот и Мите Трајковски-Старејко. Исто така, таму има и спомен куќа на Битолско - преспанскиот партизански одред „Даме Груев“, спомен чешма посветена на Мите Трајковски – Старејко, спомен плоча во месноста Синодолско Кладенче каде беше формиран одредот „Даме Груев“ и спомен – плоча за престојот на прилепскиот баталјон „Мирче Ацев“.



[illegible]










**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**